ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CRISIS MANAGMENT CENTER

# БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
**МАЈ 2010**

## СРЕДБА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО БЕЛГРАД



**На 3 и 4 мај во Белград се одржа првата средба на претставниците на институциите од регионот задолжени, за справување со кризни состојби.**

**Препознавајќи ја улогата на „Балканскиот институт за проценка и управување со ризици“ во процесот на развојот на соработката на полето на превенцијата и управувањето во вонредни состојби, директорот на Центарот за управување на Република Македонија, Тони Јакимовски, заменик директорот на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија, Екрем Зендели, помошник министерот во Министерството за внатрешни работи и јавна управа на Црна Гора , Зоран Беговиќ, началникот на Државната управа за заштита и спасување на Хрватска, Дамир Трут, директорот на Управата за заштита и спасување при Министерството за одбрана на Словенија, Борис Балант, помошник министерот во Министерството за внатрешни работи на Република Србија, Предраг Мариќ и помошник министерот во Министерството за сигурност на Босна и Херцеговина, Самир Агиќ, потпишаа договор за соработка.**

**Потписниците ја поддржаа идејата за основање мрежа на регионални специјализирани центри во Југоисточна Европа, чија главна задача би била обука и следење при реагирање на катастрофи. Во секоја од државите во регионот треба да биде воспоставен по еден регионален специјализиран центар за одредена стручна област.**

**Во Република Македонија ќе функционира регионален специјализиран центар за мониторинг на сеизмички опасности и обука на високо ниво. Наредната средба ќе се одржи во Република Хрватска.**

## ПРОЛЕТНА СЕСИЈА НА ВИСОКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЦИВИЛНО ПЛАНИРАЊЕ ВО АЗЕРБЕЈЏАН



**На 18 и 19 мај 2010 година, во главниот град на Азербејџан, Баку, се одржа пролетната пленарна сесија на Високиот комитет за цивилно планирање во кризни ситуации при НАТО. На средбата се дискутираше за значајни прашања поврзани со помош при катастрофи, научените лекции од катастрофалниот земјотрес во Хаити и хуманитарните активности кои се во тек. Исто така, стана збор за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна превентивна заштита на цивилното население, како и за компјутерскиот тероризам.**

**Учесниците на средбата беа запознати со новиот стратешки концепт на алијансата, кој се очекува да биде прифатен на самитот на НАТО во ноември во Лисабон. На крајот беа утврдени идните приоритетни активности, кои ќе се преземаат за заштита на цивилите од повеќе видови на опасности.**

**На пленарната сесија учествуваше и претставник за НАТО од Центарот за управување со кризи во Република Македонија.**

## СРЕДБА СО СЛОВЕНЕЧКИОТ АМБАСАДОР БЕРГАНТ

Директорот на Центарот за управување со кризи, Тони Јакимовски на 26 мај 2010 година, оствари средба со амбасадорот на Република Словенија во нашата земја, Алан Бергант. На средбата стана збор за досегашната соработка меѓу Македонија и Словенија во областа на управувањето со кризи, како и за зајакнувањето на заедничките активности во доменот на превенирањето и справувањето со потенцијалните кризни состојби. Јакимовски и Бергант разменија информации од областа на кризниот менаџмент и начинот на координација во услови на кризи.



## СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА СВЕТСКА БАНКА



Директорот на Центарот за управување со кризи, Тони Јакимоски и неговите соработници на 14 мај 2010 година остварија средба со тимот на Светската банка за намалување на ризици од катастрофи. На состанокот се дискутираше за учеството на Република Македонија во SECE CRIF програмата за осигурување на ризици од катастрофи од Југоисточна и Централна Европа.

Оваа програма ќе биде поставена врз основа на јавно приватно партнерство, чии што главни цели ќе бидат обезбедување на развојот на осигурителниот пазар во Југоисточна Европа и истата ќе им овозможи на домашните сопственици и на малите и средни претпријатија осигурување од катастрофи, врз основа на претходно изработен модел за проценка на ризици.

## СТРУЧНО-ТЕХНИЧКИ ТИМ ОД МАСАЧУСЕТС ВО ЦУК

Во посета на Центарот за управување со кризи на 13 мај 2010 година престојуваше мешовит стручно-технички тим од “Electronic Systems Center” од сојузната американска држава Масачусетс, кои од 10 до 15 мај се наоѓаат во посета на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Македонија



Гостите се интересираа за поврзаноста на комуникациско-информатичките системи на Министерството за одбрана и АРМ со системот на Центарот за управување со кризи, за процедурите и можностите за соработка и дејствување во случаи на кризи од различен вид, како и за процедурите околу употребата на Армијата во случај на кризи. Претставници на ЦУК ја презентираа улогата и активностите на Центарот за управување со кризи кои произлегуваат од Законот за управување со кризи. Посетата се реализира во соработка со Амбасадата на САД во Република Македонија.

## СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПЕРАЦИЈА ФЛОРИЈАН ОД БРИТАНИЈА

Претставници на невладината хуманитарната организација „Операција Флоријан“ од Манчестер, Велика Британија, чие поле на дејствување е помош на противпожарни структури и акции за спасување, на 11 мај 2010 година оствариja средба со директорот на Центарот за управување со кризи, Тони Јакимовски. На состанокот ја претставија нивната мисија на волонтери – професионални и пензионирани пожарникари, кои веќе трета година во Република Македонија го пренесуваат своето искуство преку обуки и донации во противпожарни возила и опрема на противпожарните професионални единици во земјава, како и Доброволното противпожарно друштво од Свети Николе



Директорот Јакимовски во име на Владата и на Центарот за управување со кризи изрази благодарност за зајакнувањето на капацитетите на општините и професионалците кои се справуваат со ризиците од пожарите. Пожарникарите во Република Македонија, покрај професионалната обука стекнуваат и вештини преку Програмата „Безбедноста на заедниците“, која опфаќа нивна работа со деца и волонтери. На состанокот се разговараше и за идните активности на Операција Флоријан, кои се однесуваат во домен на спасување во вода, спасување при сообраќајни несреќи, при големи земјотреси и спасување како последица на терористички закани.

## ДОНИРАНИ ПЕТ ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА



Во Свети Николе, во мај, беа донирани пет комплетно опремени противпожарни возила за потребите на територијалните противпожарни единици на општините Струга, Радовиш, Делчево, Крива Паланка и Кратово.

Донацијата на добротворната противпожарна асоцијација од Велика Британија е во рамките на проектот „За опремување и обука на противпожарните единици во Република Македонија“, а во соработка со Доброволното противпожарно друштво од Свети Николе. Досега вкупно беа донирани 15 противпожарни возила и опрема од страна на Operation Florian.

Во текот на овој месец ќе се спроведат повеќе обуки од страна на британски инструктори за начинот на ракување со опремата, за прва помош и обука за „Безбедност во заедниците“, со потенцирање на превентивната заштита од ризици и опасности за сите структури.



На настанот присуствуваа претставници од Центарот за управување со кризи, од британската добротворна асоцијација и градоначалници од општините на кои им беа донирани возилата и опремата.

## СТУДЕНТИ ОД ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ПОСЕТА НА ЦУК

**На 14-ти мај, во посета на Центарот за управување со кризи престојуваа студенти од Европскиот Универзитет во Скопје.**

**Директорот на ЦУК, Тони Јакимовски ги запозна гостите со улогата и значењето на Центарот и активностите кои ги презема согласно Законот за управување со кризи. Помошник раководителот на Секторот за операции и координација, Драги Тарчуговски ги презентираше основите на системот за управување со кризи, како и сите субјекти и чинители кои се дел од него.**

**Студентите се интересираа за повеќе прашања од областа на кризниот менаџмент, а го посетија и Оперативниот центар каде 24 часа дневно се собираат и ажурираат податоци и информации од сите региони во земјата.**

**Центарот за управување со кризи и Европскиот Универзитет имаат потпишано Меморандум за меѓусебна соработка.**



**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ул. Димче Мирчев бб Скопје

контакт : 3 249 101, факс: 3 249 102
www.cuk.gov.mk
e-mail: mail@cuk.gov.mk

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И ПРОТОКОЛ**
тел: 3 249 168; 3 249 169, 3 249 171; 3 249 172






**Центарот за управување со кризи во соработка со Македонската радиотелевизија од 2 јули 2009 година, започна со реализација на телевизиски проект насловен „АЛО 195“.**

**Во рамките на циклусот емисии ќе бидат претставени различни видови на ризици и опасности, несреќи и катастрофи, кои се составен дел од нашиот живот и нашето секојдневие.**

**Целта на проектот е на гледачите да им се доближи системот за управување со кризи со сите свои предности и недостатоци, да се претстават надлежните институции и органи задолжени да постапуваат во редовни и кризни состојби, да се прикажат мерките и активностите кои треба да се преземат во фазите на превенција, рано предупредување, справување и надминување на последиците од одредени кризни состојби.**

**Во текот на мај 2010 година реализирани се следните емисии:**

**6 мај 2010 (33-та емисија)**
**тема:** Епизотии – заболувања кај животните
**гости:** Абдулазел Догани, раководител на сектор за гранична инспекција при Управа за ветеринарство и Иванчо Налетоски, Факултет за ветеринарна медицина

**13 мај 2010 ( 34-та емисија )**
**тема:** Загадување на амбиентален воздух
**гости:** проф. Трајче Стафилов, Институт за хемија при ПМФ и Марионка Виларова, МЖСПП

**20 мај 2010 ( 35-та емисија)**
**тема:** Улогата на невладиниот сектор во системот за управување со кризи
**гости:** Звонко Стаменков, претседател на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија и Златко Кузманов, Организација на резервни офицери на Македонија

**27 мај 2010 ( 36-та емисија)**
**тема:** Родови прашања во системот за управување со кризи
**гости:** Лилјана Поповска, Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Собрание на РМ, Благородна Шопова, СОЖМ и Даниела Димитриевска, Македонско женско лоби